Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Министерство за транспорт на ден 20.02.2025 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за формирање на ГП 2 за изградба на фотоволтаична електрана, КО Сушево, Општина Штип, со својата местоположба припаѓа на територијата на КО Сушево, Општина Штип, кој го донесува Министерството за транспорт, не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за формирање на ГП 2 за изградба на фотоволтаична електрана, КО Сушево, Општина Штип, со својата местоположба припаѓа на територијата на КО Сушево, Општина Штип, се определуваат: општина Штип, Министерство за транспорт, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија", ЕВН, МЕПСО, Македонски телекумуникации, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план од државно значење за формирање на ГП 2 за изградба на фотоволтаична електрана, КО Сушево, Општина Штип, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: фотонапонските електрани, односно електроцентралите од обновливи извори на енергија (фотонапонски панели) не претставуваат значителни извори на емисии, кои можат да го нарушат квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето. Добиената енергија од обновливи извори има големи позитивни влијанија врз зачувување на квалитетот на животната средина и обезбедување на одржлив развој.
4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

**Министер за транспорт**

**Александар Николоски**

Бр. 67-1527/1

20.02.2025 година

Скопје